Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на РМ“ бр. 58/00, 44/02, 82/2008, 167/10, 51/11, 96/2019 и 110/2019) и член 30 од Законот за основно образование (Службен весник на РСМ, бр. 161 од 5.8.2019 година), министерот за образование и наука донесе наставна програма по предметот **КАРАКТЕРНИ ИГРИ** за VI одделение од шестгодишното основно балетско образование, според која ќе се реализира настава и во IX одделение од деветгодишното основно балетско образование до завршување на учебната 2026/2027 година.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

Наставна програма

# КАРАКТЕРНИ ИГРИ

за VI (шесто) одделение

шестгодишно основно балетско образование

Скопје, 2020 година

| | |
|---|---|
| Назив на наставната програма | **Карактерни игри** |
| Тип на наставна програма | Задолжителна |
| Година на изучување | VI (шесто) одделение |
| Број на часови неделно/годишно за реализација на наставната програма | 2 часа / неделен фонд<br><br>72часа/ годишен фонд |
| Цели на наставна програма | Општите цели на наставната програма по наставниот предмет класичен балет се ученикот/ученичката да се стекне со знаења и вештини за:<br>- Препознавање и именување на елементарните термини кои се користат во наставните содржини;<br>- Да умее да демонстрира елементи покрај палката во издвоен и комбиниран вид;<br>- Да ги користи и да ги модифицира изучените правила ;<br>- Да ги поврзува елементите во композиција;<br>- Да споредува различен начин на изведба кај различни елементи;<br>- Да изразува емоции во изведбата;<br>- Да разликува различна стилска изведба;<br>- Да разликува различни ритмички изведби;<br>- Да демонстрира различен карактер во изведба покрај палката, на средината на салата и како најсложен вид во состав на игрите; |

| | |
|---|---|
| | - Да го проценува квалитетот на изведбата според стилските параметри;<br>- Да развие способност за изведба во различен изведувачки состав (соло, во двојки, во групи)<br>- Да гради позитивен колективен однос при работа во група;<br>- Да го развива сопствениот уметнички, односно интерпретациски израз. |
| **Наставни теми** | • Елементи покрај палката<br>• Елементи на средина на салата<br>• Танци |
| **Материјално-технички и просторни услови** | За постигнување на целите на наставата по **карактерни игри** задолжително е задоволување на просторните услови дефинирани според регулативата за изведување на овој тип на настава односно училишта од овој профил. Во однос на материјално-техничките услови задолжителна е реализација на наставата со пијано придружба . Моделите за реализација на наставата по овој предмет нужно претпоставуваат нагледни средства како видео запис, илустрации, фотографии, аудио помагала, користење на новите технологии и сл. |
| **Норматив на наставен кадар** | **Наставата по предметот Карактерни игри може да ја изведува лице кое завршило:**<br>• Студии по балетска педагогија, насока класичен балет , VII/1 или 240 ЕКТС;<br>• Студии по балетски педагогија, насока современ танц, VII/1 или 240 ЕКТС. |

| | Тема 1. ДВИЖЕЊА ПОКРАЈ ПАЛКАТА (24 часа) | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Ред. број** | **Резултати од учење** | **Содржини и поими** | **Активности и методи** | **Критериуми на оценување** |
| 1 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:**<br>- комбинира елементи и правилно ги следи упатствата,<br>- ја почитува стилистиката на дадените движења<br>- изразува креативност при изведба на задачите | **Содржина:**<br>**Позиции на нозе**<br>- отворени позиции<br>- слободни позиции<br>- паралелни позиции<br>**Поими:**<br>- Прва позиција,<br>- Втора позиција ,<br>- Трета позиција<br>- Петта позиција<br>- Четврта позиција | **Активности:**<br>-објаснување и практична презентација;<br>- вежби со демонстрација за правилно поставување на стилските форми на одредена позиција на нозете;<br>**Форми на работа:** во групи, двојки и индивидулано<br>**Методи:**<br>- перцептивно-тактилна демонстрација на вежбата од страна на балетски педагог<br>- демонстрација на вежбата со активно вклучување на ученикот | **Ученикот/ученичката ќе може да:**<br>1.1. ја користи соодветно терминологијата на карактерните игри,<br>1.2. демонстрира правилна поставеност на нозете,<br>1.3. прави правилна стилска форма на нозете<br>1.4. ги координира движењата и ги усогласува со даден ритам |
| 2 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:** | **Содржина:**<br>**Plie** | **Активности:**<br>- објаснување и практична | **Ученикот/ученичката ќе може да:** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | - ги препознава и изведува претходно изучените елементи<br>- примени и користи елементарна координација и ги комбинира вежбите,<br>- правилно ги следи и толкува упатствата и правилата за изведба на елементите<br>- да споредува елементи во различни национални изведби | **Por de bras**<br><br>**Поими:**<br>- Plie vo I, II, III, V, IV позиција<br><br>- Por de bras во руски и шпански стил<br>- Движење на рацете | презентација на движењата;<br>- вежби за правилна положба на одредено движење<br><br>**Форми на работа:** во групи, двојки и индивидулано<br><br>**Методи:**<br><br>- перцептивно-тактилна демонстрација на вежбата од страна на балетски педагог<br>- демонстрација на вежбата со активно вклучување на ученикот | 2.1. правилно ритмички ги изведува движењата Plie и Por de bras<br>2.2 ги зајакнува сопствените капацитети и предиспозиции во однос на одредени движења<br>2.3. го координира движењето изведување на вежби и комбинации<br>2.4. споредување на елементи од различни национални изведби |
| 3 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:**<br><br>- демонстрира елементарна координација<br><br>-организира и примени стилско држење на телото | **Содржина:**<br>**Battements tendus**<br>**Battements tendus jetes**<br>**Battements fondus**<br>**Battements developpes**<br>**Grands battements jetes**<br><br>**Поими:**<br>- координација на деловите од | **Активности:**<br>- објаснување и практична презентација,<br>- вежби за правилно држење на телото,<br>- изведување на вежби и комбинации<br><br>**Форми на работа:** во групи, | **Ученикот/ученичката ќе може да:**<br><br>3.1 го координира движењето и правилно стилски држење на телото<br>3.2. свесно применува и користи упатства<br>3.3. употребува различни музички и ритмички изведби<br>3.4. споредува елементи во различни |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | - правилно и доследно ги следи и изведува упатствата и насоките | телото ,<br><br>- отварање на работна нога на различна височина<br>- Battements developpes со додавање на удар со петата на потпорната нога | двојки и индивидулано<br><br>**Методи:**<br><br>- перцептивно-тактилна демонстрација на вежбата од страна на балетски педагог<br><br>- демонстрација на вежбата со вклучување на ученикот | национални изведби<br>3.5. комбинира различни елементи<br>3.6. пронаоѓа врска помеѓу елементите покрај палката |
| 4 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:**<br><br>- разликува и користи елементарна техника на движењата Passe и Rond de jambe<br>- ги препознава и користи клучевите на движењата во руски, унгарски и полски стил<br>- употребува различни музички ритмички изведби на движењата<br>-комбинира различни елементи | **Содржина:**<br><br>**Rond de jambe и Passe по клучеви во руски, унгарски и полски стил**<br><br>**Поими:**<br>- руски стил<br>- унгарски стил<br>- полски стил<br>- кружно движење на ногата | **Активности:**<br><br>- објаснување и практична презентација на Rond de jambe Passe во руски, унгарски и полски стил;<br>- вежби за правилно изведување на чекорите во различен стил;<br>- работа во групи, двојки и индивидулано<br><br>**Методи:** | **Ученикот/ученичката ќе може да:**<br><br>4.1. изведува вежби и комбинации со Passe и Rond de jambe<br>4.2. комбинира работа на различни делови од телото<br>4.3. споредува и изведува елементи во различни национални изведби<br>4.4. развива креативност при изведба на задачите |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | - движења на стапалата<br>- клекнување<br>- подигнување и спуштање на ногата во свиткана положба | - перцептивно-тактилна демонстрација на вежбата од страна на балетски педагог<br><br>- демонстрација на вежбата со вклучување на ученикот | |
| | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:**<br><br>-препознава и користи елементарна техника на battements вклучувајќи различни делови од телото ,<br><br>- ги почитува и следи упатствата за правилно и доследно исполнување на battements во различен стил<br><br>-употребува различни музички ритмички изведби<br><br>-споредува елементи во различни национални изведби на battements | **Содржина:**<br>**Battemants**<br><br>Удари со руски карактер<br><br>Удари со шпански карактер<br><br>**Поими:**<br>- battements - удари со стапалата<br>- руски карактер<br>- шпански карактер | **Активности:**<br>- објаснување и практична презентација на battements во различен стил;<br>- вежби за правилно изведување<br>- работа во групи, двојки и индивидулано<br><br>**Методи:**<br>-перцептивно-тактилна метода<br>- демонстрација на вежбата од страна на балетскиот педагог<br>- демонстрација на вежбата со вклучување на ученикот | **Ученикот/ученичката ќе може да:**<br><br>5.1. изведува вежби и комбинации со battements<br><br>5.2. комбинира работа на различни делови од телото<br><br>5.3. прави разлика во карактерот на изведбата на елементи во различни национални изведби<br><br>5.4. покажува креативност и изразност при изведба на задачите |

| | Тема 2. ДВИЖЕЊА НА СРЕДИНА НА САЛАТА (24 ЧАСА) | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ред. број | Резултати од учење | Содржини и поими | Активности и методи | Критериуми на оценување |
| 1 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:**<br><br>-препознава и користи елементарна координација на нозете во различни позиции ,<br><br>- ги следи и толкува упатствата и насоките правилно и доследно<br><br>- употребува различни музички ритмички изведби<br><br>- разликува и споредува елементи во различни национални изведби<br>- комбинира различни елементи | **Содржини:**<br><br>- **Позиции на нозете**<br>- **I, II, III, IV, V (отворени, слободни, паралелни)**<br>- **I, II затворени позиции на нозете**<br>- **I, II, III, IV, V, VI, VII позиција на рацете**<br>- **I, II основни положби на рацете**<br>- **Port de bras во шпански, руски, унгарски, полски, италијански стил**<br>**Поими:**<br>- Позиции на нозе,<br>- Позиции на раце,<br>- Положби на рацете<br>- Por de bras (движење на рацете) | **Активности:**<br>-Објаснување и практична презентација;<br>-вежби - комбинации,<br>- перцептивно-тактилна (изучување на елементите преку физичка демонстрација и потенцирање на делови кои треба да се активираат во изведбата)<br><br>**Форми на работа:** групи, двојки и индивидулано<br><br>**Методи:**<br>- Перцептивно-тактилна демонстрација на вежбата од страна на балетски педагог<br>- демонстрација на вежбата со вклучување на ученикот | **Ученикот/ученичката може да:**<br>1.1 демонстрира правилна положба на нозе и тело<br>1.2 ја контролира правилната изведба на формите<br>1.3 применува правилна изведба во однос на ритмичкото разложување на елементот<br>1.4 ја достигнува формата пропишана со правилата на карактерните игри<br>1.5. споредува и изведува елементи во<br>различни национални изведби |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:**<br><br>-применува и користи елементарна координација вклучувајќи различни делови од телото ,<br><br>- ги следи и толкува упатствата и протоколите правилно и доследно<br><br>-употребува различни музички ритмички изведби<br><br>-споредува елементи во различни национални изведби<br><br>-комбинира различни елементи | **Содржини**<br>- **Усвојување на основниот принцип и поставки на изведба во двојки**<br><br>- приседнувања и клекнувања во руски и полски стил<br>- ситни удари во руски карактер<br>- подготовка за „клуч“<br>- руски клуч<br>- удари со шпански карактер<br><br>**Поими:**<br>- приседнувања,<br>- удари со стапала<br>- „клучеви„ | **Активности:**<br>-објаснување и практична презентација;<br>- вежби, етиди<br>- во парови<br>- перцептивно-тактилна (изучување на елементите преку демонстрација )<br>- потенцирање на делови кои треба да се активираат во изведбата<br><br>**Форми на работа:** групи, двојки и индивидулано<br><br>**Методи:**<br>- перцептивно-тактилна демонстрација на вежбата од страна на балетски педагог и вклучување на ученикот | **Ученикот/ученичката може да:**<br>2.1.демонстрира правилна положба на нозе и тело<br><br>2.2.ја контролира правилната изведба на формите<br><br>2.3.применува правилна изведба во однос на ритмичкото разложување на елементот<br><br>2.4. ја достигнува формата пропишана со правилата на карактерните игри<br>2.5.споредува елементи во различни национални изведби |

| Тема 3. ТАНЦИ (24 часа) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Ред. број** | **Резултати од учење** | **Содржини и поими** | **Активности и методи** | **Критериуми на оценување** |
| 1 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:**<br><br>- го демонстрира карактерот на играта<br><br>- ги демонстрира содржините од дадената тема<br><br>- менува положба при изведба во двојки<br><br>- развива креативност при изведба на задачите<br><br>- создава правилни стилски одлики | **Содржини:**<br>**Тарантела**<br>- Основен чекор од Тарантела<br>- Движење на рацете<br>- Pas eshappe<br>- Changament de pied<br>a) На место<br>b) Со свртување<br>- Мали скокови со нога поставена на Sur le cou-de-pied (Pas emboite)<br>- Положби и движења со дајре<br>- Piques со нога<br><br>**Поими:**<br>- Скокови со промена на нозете (Echape, Changament de pried, Pas emboittes)<br>- Piques испружена | **Активности:**<br><br>- вежби, етиди<br><br>- вежби во двојки<br><br>- демонстрација од страна на балетскиот падагог<br><br>**Методи:**<br>- Презентација<br>- Практична примена и проверка<br>- Видео проекции | **Ученикот/ученичката може да:**<br><br>1.1.ги помни и повторува елементите од играта<br>1.2 ја координира правилно изведбата на чекорот<br>1.3.поврзува елементи во сложена танцова содржина<br>1.4. пронаоѓа просторни решенија и ги комбинира со правилата за извеба<br>1.5. ги поврзува елементите во танцова содржина<br>1.6. употребува различна ритмичка придружба |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | положба на ногата со акцентирано движење<br>- Dos a dos промена на положбата на играчите во играта<br>- Port de bras движење со рацете | | |
| 2 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:**<br><br>- ги повторува елементите од играта<br><br>- ги поврзува елементите во танцова содржина<br><br>- ги демонстрира содржините од дадената тема<br><br>- употребува различна ритмичка изведба<br><br>- менува положба при изведба во двојки<br><br>- создава правилни стилски одлики | **Содржини**<br><br>**Чардаш**<br><br>**Поими:**<br>- „Троножен„ чекор – чекор со троен удар на нозете<br>- Променлив чекор<br>- Удари<br>- Клучеви<br>- Нишалка | **Активности:**<br><br>**Вежби за:**<br><br>- совладување на основни положби и елементи при интерпретација на играта<br><br>- положба на рацете, корпусот, нозете<br><br>- движења на рацете<br><br>- променлив чекор со demi pile<br><br>- удари<br><br>- промена на местата на двојките dos a dos<br><br>**Методи:** | **Ученикот/ученичката може да:**<br><br>2.1 ги демонстрира елементите од играта запазувајќи го карактерот на играта<br>2.2 ја координира правилно изведбата на чекорот<br>2.3 поврзува елементи во танцова содржина<br>2.4 креира позитивна атмосфера за работа и покажува капацитет за тимска работа<br>2.5 пронаоѓа просторни решенија и ги комбинира со правилата за изведба<br>2.6 развива оригинален израз при изведба на задачите со правилни стилски одлики |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | - перцептивно-тактилна демонстрација на вежбата од страна на балетски падагог<br>-демонстрација на вежбата со вклучување на ученикот | |
| 3 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да :**<br><br>- ги помни и повторува изучените елементите од играта<br><br>- ги поврзува елементите во танцова содржина<br><br>- го демонстрира карактерот на играта<br><br>- ги демонстрира содржините од дадената тема<br><br>- употребува различна ритмичка изведба<br><br>- менува положба при изведба во двојки | **Содржини**:<br><br>**Руска игра**<br><br>**Поими:**<br>- „Хармоника„<br>- „Бреза„<br>- „Троножен„ чекор – чекор со троен удар на нозете<br>- Нишалка<br>- Удари<br>- Клучеви | **Активности:**<br><br>-објаснување и демонстрација за положбтаа на рацете, корпусот, нозете при руската игра<br><br>- Движења на рацете<br><br>- Основни чекори<br><br>- Променлив чекор<br><br>- „Троножен“ чекор – чекор со demi plie<br><br>- Удари<br><br>- Клучеви<br><br>- „Берјоска„ (бреза)<br><br>- Нишалка<br><br>- Приседнување | **Ученикот/ученичката може да:**<br><br>3.1 го демонстрира карактерот на играта<br>3.2 ја координира правилно изведбата на чекорот<br>3.3 поврзува елементи во танцова содржина<br>3.4 креира позитивна атмосфера за работа и покажува капацитет за тимска работа<br>3.5 пронаоѓа просторни решенија и ги комбинира со правилата за изведба<br>3.6 развива оригиналност во изведбата со создава правилни стилски одлики |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | - „Хармоника„<br>**Методи:**<br>- перцептивно-тактилна демонстрација на вежбата од страна на балетски педагог<br>- демонстрација на вежбата со вклучување на ученикот | |

| | |
|---|---|
| **Оценување на постигањата на учениците** | За да се оценат постигнувањата на ученикот/ученичката неопходно е:<br>- да се согледа иницијалната состојба на ученикот/ученичката (согледување на неговите природни предиспозиции );<br>- да се следи континуирано ученикот/ученичката за да се добијат сознанија за неговиот напредок, развој, степенот на разбирање на поимите и правилата за нивната примена, оспособеноста за реализација на зададените задачи;<br>- континуирано следење на односот на ученикот/ученичката кон работата, соработката со врсниците, покажаната иницијативност, љубопитност, самостојност, точност во искажувањето и истрајност во извршувањето на обврските;<br>- континуирано утврдување и проверка на стекнатите знаења, способности и вештини во предвидените содржини.<br>Оценувањето на постигањата на учениците ќе биде со бројчана оценка (од 1 до 5). Постигнувањата на учениците се оценуваат континуирано во тек на наставниот процес. На крајот на првото и третото тромесечие се спроведува колоквиум пред комисија. Наставникот преку годината подготвува |

| | |
|---|---|
| | полугодишен и годишен контролен испит кој се оценува комисиски. |
| **Почеток на имплементација на наставната програма** | Учебна 2020/2021 година |
| **Институција/ носител на програмата** | Биро за развој на образованието |
| **Потпис и датум на донесување на наставната програма** | бр. 12-5971/10<br>17.08.2020 година<br>МИНИСТЕР<br>Dr. Arbër Ademi<br>________________________ |